Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014 и 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 29 декември 2017 година донесе

# Одлука

за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2018 година

## Член 1

Со оваа одлука се определува месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови од Листата на лекови на товар на Фондот кои се пропишуваат на рецепт во примарна здравствена заштита, може да го добијат за издадените лекови на рецепт во 2018 година.

## Член 2

Месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови од Листата на лекови на товар на Фондот кои се пропишуваат на рецепт во примарна здравствена заштита, може да го добијат за издадените лекови на рецепт во 2018 година, се утврдува во висината која е важечка за соодветната здравствена установа за 2017 година на 29 декември 2017 година.

## Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател,**
**Д-р Фатмир Меџити**